МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 05-4806/1
Датум: 15.10.2025 година

# Регистар на ризици

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија е посветено на управувањето и развојот на енергетскиот сектор, минералните ресурси и рударството, со цел обезбедување одржлив економски раст и енергетска независност на земјата.

Притоа, активно работи на имплементацијата на енергетската политика, следејќи ја европската агенда за намалување на штетните емисии, зголемување на енергетската ефикасност и развој на обновливите извори на енергија.

Во своите приоритети, Министерството се фокусира на развојот на национални стратегии и акциски планови за енергетска ефикасност, како и поддршка на проекти кои имаат за цел зголемување на користењето на обновливите извори, како што се ветерната, сончевата и хидроенергијата.

Преку мониторинг и анализа на ефектите од применетите мерки обезбедува транспарентност во енергетските процеси и соработка со локалните и меѓународните институции.

Покрај тоа, ја промовира и јавната свест за важноста на енергетската ефикасност, обезбедувајќи информации за намалување на потрошувачката на енергија и воведување на модерни технологии во доменот на енергетиката.

Со ова, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ја поддржува долгорочната стратегија за намалување на зависноста од фосилни горива и поттикнување на користење на природните ресурси на одржлив начин и како државна институција превзема мерки и активности при детектирање на ризици во различни области на делување и затоа е изработен Регистар на ризици преку кој се планираат мерки кои ќе бидат превземени со цел да се намалат утврдените ризици.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

## Ризици од корупција

| Ризик | Проценка на ризик веројатност/влијание | Мерки | Одговорни лица | Рок |
|---|---|---|---|---|
| Ризик при издавање на дозволи и лиценци од секторите | Ниска/Високо | Примена на елементи од системот на внатрешна контрола, запознавање на вработените со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | *Државен секретар *Раководители на сектори | Континуирано |
| Усогласеност на јавните набавки и наменско користење на буџетот | Ниска/Високо | Примена на Законот за јавни набавки, постапување во согласност со регулативата за финансиско управување и контрола, изготвување на интерни процедури | *Државен секретар *Раководители на сектори | Континуирано |
| Ризик при потпишување на Договори за концесија за истражување или експлоатација на минерални суровини | Ниска/Високо | Законски и подзаконски акти за потпишување на Договори за концесија за истражување или експлоатација на минерални суровини | *Државен секретар *Раководители на сектори | Континуирано |
| Непочитување на законските прописи и процедури за работа од страна на вработените | Ниска/Високо | Интерен акт за ограничување и забрана за примање на подароци<br>Обуки за вработените | *Државен секретар *Раководители на сектори | Континуирано |
| Членови на комисии кои одлучуваат по јавните повици преку кои се реализираат програмските активности на секторите | Ниска/Високо | Регулатива и прописи за спроведување на секторските програми | *Државен секретар *Раководители на сектори | Континуирано |

## Оперативни и стратешки ризици

| Сектор | Ризик | Оперативен | Стратешки | Последица | Проценка на ниво на ризик | Одговорно лице | Мерки | Краен рок |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за геологија и рударство | Не донесување на Одлуки за започнување на постапки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини | | да | Ненавремено донесување на Одлука и нејаино спроведување и реализирање на капитални проекти | Високо | Раководител на сектор Раководител на одделение | Навремено Информирање на Владата и задолжување на надлежните органи на државната управа и општините да достават мислења по доставените барања на мислења до МЕРМС | Континуирано |
| Сектор за геологија и рударство | Не потпишување на Договори за концесија и дозволи за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини | | да | Неможност за отпочнување со вршење на концесиската дејност/ вршење на детални геолошки истражувања и вршење со експлоатација на минерални суровини | Средно | Раководител на сектор Раководител на одделение | *Зголемена транспарентност *Внатрешни контроли | Континуирано |
| Сектор за геологија и рударство | Ненавремено изготвување и доставување на Одлуки во Влада за нивно донесување | да | | Не спроведување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања | Низок | Раководител на сектор Раководител на одделение | Информирање на Владата за органите на државна управа и општините кои немаат доставено мислење и нивно задолжување | Континуирано |
| Сектор за геологија и рударство | Не потпишување на Договор за концесија и дозвола за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини | да | | Неможноста со отпочнување со реализација на договорот за концесија или дозволата за вршење на детални геолошки истражувања или експлоатација на минера суровини | Среден | Раководител на сектор Раководител на одделение | *Зголемена транспарентност *Внатрешни контроли | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за геологија и рударство | Ненавремена евалуација на понуди и спроведување на постапките | да | | Непочитување на рокови кои доведуваат до ризик обжалување и поништување на постапки | Среден | Раководител на сектор Раководител на одделение Комисија за спроведување на постапки за доделување на концесии | Информирање за состојбата на повисоко ниво | Континуирано |
| Сектор за електроенергетика | Нееднаквоста на платите што ги примаат државните службеници во стручните сектори во МЕРМС во споредба со платите на вработените на исто ниво во електроенергетските претпријатија и во Регулаторната Комисија на енергетика. | да | да | На среден рок може да настане прелевање на дел од вработените за кои државата потрошила за нивна обука и оструччување. Истовремено, оваа постоечка нееднаквост на платите може да претставува можност за ризик од корупција | Висока | Раководител на сектор Раководител на одделение | Примена на нов Закон за администратитивни службеници предвремено, според кој постои можност за исплата на дополнителен надоместок по основ на работи и работни задачи поврзани со европското законодавство или други начини кои ги предвидува новиот закон | Континуирано |
| Секторот за информатички технологии и телекомуникации | Кибер-напади | | да | Губење на доверба, финансиски загуби, прекин на услуги. | Среден | Раководител на сектор | Имплементација на firewall, обука, двофакторска автентикација | Континуирано |
| Секторот за информатички технологии и телекомуникации | Губење на податоци | | да | Оневозможена работа, финансиски и правни последици | Среден | Раководител на сектор | Автоматски бекап, тестирање на ресторирање, cloud backup | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Секторот за информатички технологии и телекомуникации | Ризик од елементарни непогоди (поплава, пожар итн.) | | да | Долготраен прекин на работата, големи финансиски загуби. | Среден | Раководител на сектор | План за континуитет, осигурување, зашлита на сервер простории | Континуирано |
| Секторот за информатички технологии и телекомуникации | Нефункционална опрема | да | | Намалена продуктивност, дополнителни трошоци. | Среден | Раководител на сектор | Редовно одржување, навремена замена на опрема | Континуирано |
| Секторот за информатички технологии и телекомуникации | Оперативни грешки на вработени | да | | Губење или компромитирање на податоци, прекин на услуги. | Среден | Раководител на сектор | Обука на персонал, воведување на процедури | Континуирано |
| Јавни набавки | Недоволно стратешко планирање на набавки | | | Ненавремна реализација на проекти и недоволна или немање реализација | Висок | Државен секретар | Стратешки план на МЕРМС, Годишен план за јавни набавки и Годишен финасиски план | Континуирано |
| Јавни набавки | Ненавремено активирање на банкарски гаранции за квалитетно извршување на договор НеАктивирањедоволен буџет за планирани набавки | | | Потреба од спроведување на нова постапка | Среден | Овластено лице за следење на договорза јавна набавка | Овластување на лице за следење и реализација на договорт за јавна набвака | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавни набавки | Грешка во тендерска документација | да | | Поништување на постапка, жалби, одложување на набвката | Низок | Раководител на сектор | Организирање редовни обуки за службениците, внатрешна проверка на документацијата | Континуирано |
| Јавни набавки | Ненавремена евалуација на понуди и спроведување на постапките | да | | Непочитување на рокови кои доведуваат до ризик обжалување и поништување на постапки | Среден | државен секретар | Дисциплински постапки по членови на комисијата | Континуирано |
| Јавни набавки | Недоволно ефикасно следење и контрола на реализацијата на договорот | да | | Финансиско доцнење во реализација на договорот, можност за надминување на предвидените буџетски средства за конкретната постапка, ненавремено отпочнување на нова постапка, активирање на банкарска гаранција и сл. | Среден-Висо | Овластено лице за следење на договорот | Процедури и план за начинот на следење на договорите | Континуирано |
| Сектор за јавно приватно партнерство | Неусвојување на новиот Предлог Закон за ЈПП | | да | Без современа и усогласена законска рамка,значително се намалува и интересот за инвестирање во проекти од ЈПП,како од страна на домашни така и од страна на странски инвеститори.Со тоа значително може да се изгуби и инвестициската конкурентност на РМ во однос на другите земји. | Висок | Раководител на сектор | Поголеми заложби,односно поголема интерресорска соработка во насока на усвојување на новиот Предлог Закон за ЈПП | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за јавно приватно партнерство | Ризик од нецелосен увид во целокупниот процес на следење и реализација на договорите за ЈПП | да | | Намалена доверба кај јавноста за ЈПП моделот,зголемени ризици од неправилности и корупција,недоволна анализа на податоците и намалување на довербата на инвеститорите за проекти од ЈПП | Среден | Раководител на сектор | Со донесувањето на новиот Предлог Закон за ЈПП, се предвидува како приоритетна мерка и воведување на Единствен електронски систем за ЈПП преку кој ќе се следи целокупниот процес на доделување и реализација на договорите за ЈПП | Континуирано |
| Сектор за јавно приватно партнерство | Нецелосна анализа за утврдување на ризиците при склучување на договори за ЈПП | да | | Се создава потенцијална можност за дополнително финансиско оптоварување | Среден | Раководител на сектор | Користење на сите постоечки законски и подзаконски акти поврзани за Управување со ризици при подготовка на проектите за ЈПП | Континуирано |
| Сектор за јавно приватно партнерство | Недоволно ниво на обученост на кадарот кај Јавниот партнер поврзано со подготовка и спроведување на проекти од ЈПП | да | | Голема веројатност за неефикасно управување и мониторинг со проекти од ЈПП.Со тоа значително би се намалила и самата реализација на истите | Среден | Раководител на сектор | Да се воспостави систем за една континуирана обука и професионален развој во оваа област. Вклучување во овие процеси и на експерти од приватниот сектор. Јасни критериуми за селекција на кадар. Вклучување на менторски програми како и трансфер на знаење. | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за нафта и гас / Сектор за обновливи извори на енергија | Ризик од пропусти во спроведување на нова регулатива која може да биде предизвикан од незапознаеност со и/или неможност да се следат сите промени од страна на институцијата или деловните субјекти на кои се однесува законската регулатива | | да | Неможност да се следат сите промени од страна на институцијата или да се применат од страна на засегнатите деловни субјекти во однос на таа промената на регулаторната рамка | Среден | Раководител на сектор | делумна или целосна модификација на активноста или на процесот кој е изложен на ризик. Овој метод е вообичаен на пр. за ризици што се јавуваат при реорганизација на постоечки или воведување нови програми, проекти, системи, процеси и активности и кога се проценува дека последиците од ризикот се неприфатливи. Овој метод на постапување со ризиците вклучува на пример и промени во плановите за управување со проекти со цел да се избегнат неповолни ризици (на пр. дефинирање барања со поголема прецизност, подобрување на комуникацијата, вклучување експерти и сл.) | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за нафта и гас / Сектор за обновливи извори на енергија | Лоша админситративна структура и напуштање на работни места | | да | Нарушен професионализам и континуитет во работењето поради кое нема квалитетна реализација на работните задачи | Среден | Раководител на сектор | Мерки насочени кон спречување на ситуации на „пропуштени можности" - развој на услови за реално постигнување потенцијални позитивни можности, на пр. создавање услови за финансирање преку фондовите на ЕУ, зголемување на ресурсите, обезбедување на квалитет повисок од планираниот и сл.; | Континуирано |
| Сектор за нафта и гас / Сектор за обновливи извори на енергија | Несоодветна распределба на работни обврски на вработени од различни сектори | | да | Демотивација и неможност за напредување во делот за којшто е распределен вработениот | Среден | Раководител на сектор | точна структуираност и делегирање на задачи и проблеми коишто се соодветни за вработените лица соодветно на нивните квалификации со што тие ќе можат да напредуваат кариерно | Континуирано |
| Сектор за правни работи | Доцнење во подготовка на законски и подзаконски акти | | да | Доцнење со донесување на закони, правилници и други подзаконски акти; правна несигурност и празнини во регулативата; | Висок | Раководител на сектор | формирање на работни групи за подготовка на акти; изработка на план за усогласување на рокови и одговорни лица | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за правни работи | Судски спорови и правна одговорност поради пропусти во постапување и ненавремено постапување на органот. | | да | Зголемен број на судски предмети против министерството; финансиски обврски за државата (обештетувања, судски трошоци); намалена доверба на граѓаните и институциите во министерството | Висок | Државен секретар Раководител на сектор | зајакнување на правната подршка, контрола на рокови со воведување на систем за следење на рокови и задолжување на лица за одговор | Континуирано |
| Сектор за правни работи | Недостаток на стручен и искусен кадар | | да | Доцнење во изготвување на подзаконски акти; неправилно или нецелосно подготвени правни акти; зголемени правни пропусти и ризик од судски спорови | Висок | Раководител на сектор | обука на постојан кадар, менторство и вработување на нови лица | Континуирано |
| Сектор за правни работи | Застареност на побарувања на министерството поради непријавување на долгови од надлежни сектори | | да | Министерството губи право на наплата пораид застарување на побарувања; финансиски загуби на државата; можна дисциплинска одговорност за службените лица; намалена доверба на јавноста во институцијата | Висок | Државен секретар Раководител на сектор | воспоставување на механизам за редовно пријавување на побарувања, систем на меѓусекторска комуникација и квартални проверки на долгови | Континуирано |
| Сектор за управување со човечки ресурси | Недоволена екипираност на кадар | | да | Потешкотии и доцнење во исполнување на законските надлежности во сите сектори | Висок | Раководител на сектор | вработување на лица | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за управување со човечки ресурси | Недостаток на стручен и искусен кадар | | да | Доцнење во исполнување на законски надлежности и зголемени правни пропусти | Висок | Раководител на сектор | обуки и развој на вештини | Континуирано |
| Сектор за управување со човечки ресурси | Одлив на стручен кадар | да | | Потешкотии и доцнење на исполнување на законски надлежности | Висок | Раководител на сектор | Вработување на лица и остварување на правото на додаток на плата заради зголемен обем на работа и сложеност на работа | Континуирано |
| Сектор за финансиски прашања | Потешкотии при изработка на годишни сметки и извештаи за финансиското работење | да | | Пробивање на законски утврдени рокови | Висок | Раководител на сектор | Навремено книжење и процесирање на целокупната документација заради недостаток на соодветна документација | Континуирано |
| Сектор за финансиски прашања | Ненавремена подготовка на буџетот | | да | Пробивање на законски утврдени рокови | Висок | Раководител на сектор | Навремено доставување на податоци од секторите за изготвување на Предлог Буџетот | Континуирано |
| Сектор за финансиски прашања | Ненавремено добивање на потребни информации од овлатените лица за превземените обврски и овластените лица за следење на извршувањето на договорите | да | | Изложеност на дополнителен трошок за камати утврдени во договорот | Среден | Раководител на сектор | Навремено добивање на податоци од секторите и ажурност во подготовка на истите | Континуирано |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Внатрешна ревизија | Попреченост на вработените за спроведување на работните процеси | да | | Финансиски последици<br>Ненавремено изготвени документи<br>Нарушена репутација на институцијата | Висок | Државен секретар<br>Раководител на одделение | Обуки за вработените<br>Екипирање на одделението | Континуирано |

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини
**Сања Божиновска**